# ЗАТВОРЕНИЧКА ДИЛЕМА: КОНТЕКСТ, ПРЕДИЗВИЦИ, ВАРИЈАЦИИ

*Невена Серафимова* [1]

[1] *Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“, Скопје*

e-mail: nevena.serafimova@gmail.com

Двајца осомничени се испрашувани одделно, при што секој од нив може да признае вина или да молчи. Ако осомничениот А молчи, тогаш Б може да добие подобар исход со признавање на вината. Ако пак А признае, тогаш Б би бил во многу полоша позиција ако молчи. За двајцата, доминантна стратегија е признавање на вината и ова е еквилибриум во играта. Но, и за двајцата постои многу подобар исход. Тој може да се постигне низ кооперативност во повторени игри, кога стратегиите на признавање ќе бидат потиснати од предизвиканите долгорочни загуби. Ова е краток опис на играта која во изминатите децении го привлече вниманието на голем број научници, истражувачи, мислители и чиј оддек е забележан во најразлични контексти. Своевидниот одлучувачки парадокс предизвикал многубројни надградби и варијации, чија крајна цел е да се дојде до очекуваното: најдобриот можен исход за учесниците.